# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

Број 7
16.04.2020 година

Службен гласник на општина Делчево
Излегува по потреба

Уредува
Одделение за правни и општи работи

Гласникот бесплатен

Април,2020

Република Северна Македонија

**Министерство за локална самоуправа**

Архивски број 18 - 828/1
Дата: 09.04.2020

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
ДЕЛЧЕВО
Примено: 14.04.2020
| Орг. един. | Број | Прилог | Вредност |
|---|---|---|---|
| 08 | 731/1 | | |

ДО

ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА

ОПШТИНА ______

ПРЕДМЕТ: Известување со Препорака

Почитуван градоначалник,

Имајќи ја предвид актуелната состојба во Република Северна Македонија, а со цел минимизирање на евентуални негативни последици кои би можеле да настанат од евентуално поголемо ширење на Коронавирусот Ковид-19, како и со цел благовремено обезбедување на неопходни услови за непречено функционирање на локалната самоуправа, Министерството за локална самоуправа Ве известува и Ви препорачува за следното:

Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр. 5/02) во членот 52 утврдува одредби кои се однесуваат на извршувањето на функцијата градоначалник, како еден од органите на општината.

Согласно ставот 5, од овој член „Градоначалникот определува кој од членовите на советот ќе го заменува во случаи на спреченост или отсуство, во согласност со постапка утврдена со статутот.

Имајќи ја во предвид наведената одредба, Ве потсетуваме на оваа Ваша законска обврска, доколку до сега немате определено член на советот кој ќе

Ве заменува во случаи на спреченост или отсуство , да определите кој член на советот ќе Ве заменува во случаи на спреченост или отсуство (заменик) .

Истотака, ќе биде потребно, во случај на спреченост или отсуство на Вашиот претходно назначен заменик, веднаш по дознавањето за неговата спреченост или отсуство, да назначите Ваш нов заменик.

Воедно, а со цел и единствена намера да не дојде до застој во вршењето на функција градоначалник, кој што застој би можел да предизвика големи негативни последици во работењето на општината и во извршувањето на обврските кон други субјекти, Ви препорачуваме, а согласно Вашите овласувања да назначите лица, и да им дадете овластување за потпишување на финансиски документи, кое што овластување ќе стапи во сила само во случај на Ваше остуство или спреченост, и истото ќе биде доставено и до Централен регистар, со цел нивно регистрирање.

Оваа е потребно пред се кога градоначалникот не би бил во можност да потпишува на пример налози за плата, при што може да се случи во одреден момент, општинската администрација, вработените во средното и основното образование, детски градинки и слично да не можат да земаат плата што во услови на вонредни околности би довело и до други несакани состојби.

**Со почит,**

**Министер за локална самоуправа,**

**м-р Горан Милевски**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
ЛОКАЛНА САМОУПРАВА
Бр.08-731/2
14/04/2020 година
ДЕЛЧЕВО

Врз основа на член 52 став 5 од Законот за локална самоуправа(Службен весник на Република Македонија бр.05/2002) и член 46 став 4 од Статутот на Општина Делчево (Службен гласник на Општина Делчево бр.15/2013), Градоначалникот на Општина Делчево на ден 14.04.2020 година го донесе следното

**РЕШЕНИЕ**

1. Поради актуелната состојба во Република Северна Македонија, Градоначалникот на Општина Делчево Горан Трајковски, го определува лицето **Кирил Тренчевски** од Делчево,член на Совет на Општина Делчево,да го заменува за време на евентуално привремено отсуство од работа и спреченост заради евентуално поголемо ширење на Коронавирусот Ковид-19.

2. Членот на Советот на Општина Делчево, Кирил Тренчевски ќе го заменува Градоначалникот на Општина Делчево за време на евентуално привремено отсуство од работа и спреченост имајќи ја предвид актуелната состојба во Република Северна Македонија, а со цел минимизирање на евентуални негативни последици кои би можеле да настанат од евентуално поголемо ширење на Коронавирус Ковид-19.

3. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување и истото ќе биде објавено во Службен гласник на Општина Делчево.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Врз основа на член 52 став 5 од Законот за локална самоуправа(Службен весник на Република Македонија бр.05/2002) и член 46 став 4 од Статутот на Општина Делчево (Службен гласник на Општина Делчево бр.15/2013) а поради актуелната состојба во Република Северна Македонија, а со цел минимизирање на евентуалните негативни последици кои би можеле да настанат од евентуално поголемо ширење на Коронавирусот Ковид-19, како и со цел благовремено обезбедување на неопходни услови за непречено функционирање на локалната самоуправа и евентуално отсуство од работа и спреченост на Горан Трајковски-Градоначалник на Општина Делчево за периодот наведен во точка 2 од ова Решение од членовите на Советот на општината определува кој член ќе го заменува во негово отсуство а согласно член 46 став 6 од Статутот на Општина Делчево (Службен гласник на Општина Делчево бр.15/2013) истото ќе биде објавено и во Службен гласник на Општина Делчево.

Согласно погоре наведеното Градоначалникот на Општина Делчево донесе Решение како во диспозитивот.

<u>**ПРАВНА ПОУКА:**</u> : Против ова Решение може да се изјави жалба во рок од 15 (петнаесеет) дена од денот на приемот на решението, до органот надлежен за работата на Градоначалникот,Државниот инспекторат за локална самоуправа при Министерство за локална самоуправа на Република Северна Македонија.

**ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**Градоначалник**
**Горан Трајковски**

Изготвиле:
М.Стојковска
Џ.Мемедова

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
ЛОКАЛНА САМОУПРАВА
Бр.08-731/3
14/04/2020 година
ДЕЛЧЕВО

Врз основа на член член 50 став 14 точка 13 од Законот за локална самоуправа(Службен весник на Република Македонија бр.05/2002), Градоначалникот на Општина Делчево на ден 14.04.2020 година го донесе следното

**РЕШЕНИЕ**
**За овластување за потпишување на финасиски документи**

1.На административниот службеник ***Шабан Багашов***,вработен во Општина Делчево на работно место Раководител на Сектор за финасиски прашања,му се дава овластување за потпишување на финасиски документи кое **ќе стапи во сила само во случаи на отсуство или спреченост** на Градоначалникот заради актуелната состојба во Република Северна македонија, а со цел минимизирање на евентуални негативни последици кои би можеле да настанат од евентуално поголемо ширење на Коронавирустот Ковид-19.

2.Овластеното лице од точка 1 на ова решение за делокругот на работните задачи од ова овластување одговара пред давателот на овластувањето за користењето на овластувањето.

3.Врз основа на ова овластување примателот на овластувањето не може да даде подовластување со кое се пренесува целосно или делумно применото овластување на други лица.

4.Ова решение влегува во сила само во случаи на отусуство или спреченост на Градоначалникот,а ќе важи до неговото отповикување.

**ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**Градоначалник**
**Горан Трајковски**

*Изготвиле:*
*М.Стојковска*

*Џ. Мемедова*

*Доставено до :*
*-Архива;*
*-Административен службеник;*
*-Одделение за УЧР;*